Дневни билтени



# Извадок на дел од дневни настани 22.04.2019

Во текот на изминатите денови (19, 20 и 21.04.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 54 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 39 возачи од кои: еден возач затоа што управувал возило под дејство на алкохол, 34 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и четири возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 22 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се 16 возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, пет возачи поради недавање првенство на минување на пешаци,

четири возачи поради неправилно преструјување, 10 возачи поради неправилно престигнување, еден возач поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, девет возачи на моторцикли поради неносење заштитен шлем, 15 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 32 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се шест пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 95 мандатни платни налози и 55 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 24 сообраќајни незгоди во кои едно лице го загубило животот, четири лица се здобиле со тешки телесни повреди, а 14 лица поминале со телесни повреди.

На 21.04.2019 година во 12.45 часот на автопатот „Пријателство", атар на с.Ржаничино, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило - влекач „МАН" со полуприколка „Шмитз" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(54) од Скопје, мотоцикл „Сузуки" со скопски регистарски ознаки, управуван од Б.Ѓ.(29) од Скопје и мотоцикл „Сузуки" со скопски регистарски ознаки, управуван од В.М.(27) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобиле возачите на мотоциклите. Со возило на Итна медицинска помош тие биле пренесени во Комплексот клиники „Мајка Тереза" каде Б.Ѓ. им подлегнал на повредите, додека со тешки телесни повреди В.М. бил задржан на лекување. Увид на местото на настанот извршиле Јавен обвинител и екипа од СВР Скопје и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 21.04.2019 година околу 12.50 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека во с.Горна Баница, гостиварско, Ќ.М.(72) од Гостивар се здобил со тешки телесни повреди додека истоварал шут и земја во депонија во атарот на селото со товарно возило. Според пријвеното, при кревање на сандакот за истовар, истиот го повлекол во провалија од околу 20 метри. Со тешки телесни повреди Ќ.М. бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 21.04.2019 година околу 16.00 часот на регионалниот пат Градско - Велес, мотоцикл „Кавасаки" со велешки регистарски ознаки, управуван од П.И.(48) од Велес излетал од коловозот. Во незгодата со повреди се здобила сопатничката на мотоциклот А.И.(48) од Велес. Со возило на Итна медицинска помош Велес таа била пренесена во болницата во Велес од каде била препратена во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 21.04.2019 година во 17.35 часот во СВР Штип, од Клиничката болница Штип било пријавено дека на улица „Брегалничка", М.Д.(27) од Штип,

додека извршувал работни задачи бил погоден од струен удар. Тој се здобил со тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош во Клиничката болница Штип бил препратен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје.

На 21.04.2019 година во 21.40 часот во Полициската станица Центар, К.П. (28) од Крушево пријавил дека на 20.04.2019 година околу 16.00 часот на улица „Пролет" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 21.04.2019 година во 10.15 часот во Полициската станица Драчево, З.Ј. (50) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 09.30 часот на улица „Иван Хаџиниколов" бил каснат од куче скитник во пределот на двете раце.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола за време на викендот извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 789 возачи, од кои 14 возачи ја пречекориле дозволената брзина, девет возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле 11 возила , двајца возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото, а четири возачи не користеле сигурносен појас.

На 21.04.2019 година во 13.45 часот на ул.„Ужичка" во Кичево, Р.Ц.(56) од Кичево, управувајќи патничко возило„Лада нива" со кичевски регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и удрил во бетонски столб. Р.Ц.се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Општата болница во Кичево, а потоа во Ургентниот центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 21.04.2019 година во 22.40 часот полициски службеници од Полициското одделение Матејче во атар на с.Слупчане, на место викано „Слупчански бунар", пронашле патничко возило „Опел астра" со скопски регистарски ознаки во кое биле две лица без знаци на живот. Јавен обвинител и екипа од СВР Куманово излегле на местото на настанот и било констатирано дека непознат сторител со огнено оружје пукал во Е.С.(47) и неговиот син (роден 2010 год.), двајцата од с.Опае. По наредба на Јавен обвинител, телата на починатите се дадени за обдукција во Институтот за судска медицина и криминалистика Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.04.2019 година во 18.20 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Острец, битолско, на гласачко место бр.156, С.Ќ.(26) од с.Велушнина со мобилен телефон го фотографирал гласачкото ливче. Тој бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 163 став 1 од Кривичниот законик.

На 21.04.2019 година во 18.50 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на гласачко место бр.349 во Гевгелија, Т.Д.(34) од Гевгелија со мобилен телефон го снимил гласачкото ливче. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Регионалниот центар за гранични работи Југ поднесе кривична пријава против К.Р.(34) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". Од страна на судија на претходна постапка му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена. На 20.04.2019 година на автопатот Гевгелија – Скопје, после клучка „Смоквица", во возилото што го управувал пријавениот, полициски службеници пронашле 58 мигранти.

На 21.04.2019 година околу 15.50 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека во с.Бели, кочанско, В.И.(34) агресивно се однесувал и се обидел да нападне полициски службеник. В.И. бил приведен во Полициската станица Кочани, а по целосно документирање на случајот против него биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.А.(37) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 25.09.2018 година во Гевгелија полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и 295 семки од растението „Cannabis".

## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

logo korupcija

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)